Билјана РИСТОВСКА-ЈОСИФОВСКА

УДК 929.22:929.73„09/13"
929.6 : 929.73„09/13"

АВТОХТОНИ СРЕДНОВЕКОВНИ ДИНАСТИИ ВО МАКЕДОНИЈА (X-XIV ВЕК)[1]

Во овој прилог ќе се осврнеме на династичката традиција со автохтон карактер во Македонија во периодот од словенските населувања на Балканот до доаѓањето на Турците, односно на Самуиловата и на Мрњавчевата династија како нејзини носители.

Клучни зборови: Средновековни династии, Македонија, Самуил, Гаврило Радомир, Јован Владислав, Волкашин и Углеша Мрњавчеви, Кралот Марко.

Ако зборуваме за автохтоните средновековни династии во Македонија во периодот од X до XIV век, треба да нагласиме дека ќе бидат разгледувани династиите што опстојувале на македонска почва како резултат на формирани државни творби со центар во Македонија. Средновековните династии ќе ги анализираме врз основа на нивната генеалогија и на внатрешните односи. Центарот на државата и на црквата, како и остатоците од материјалната култура на средновековните династии, укажуваат на нивната автохтоност, силно рефлектирана и во традицијата. Столбовите на династичката традиција во Македонија во периодот од словенските населувања на Балканот до доаѓањето на Турците се поставени најпрвин со создавањето на средновековната држава од 10 век, со седиште во Преспа, по успешно изведеното востание на синовите на комесот Никола (Давид, Арон, Мојсеј и Самуил) од 969 година. До 976 година четворицата браќа заеднички управувале со државата, но по ликвидарањето на Бугарската Империја во 971 година, Византија ја наложила својата власт врз оваа држава, и таа продолжила да постои

[1] Овој прилог претставува изменета и дополнета верзија на рефератот под наслов „Autochthonal Medieval Dynasties in Macedonia (10th - 14th Centuries)", со којшто настапив на Меѓународниот медиевалистички конгрес во Лидс (Велика Британија), одржан од 9 до 12 јули 2001 година.

како вазална. По смртта на византискиот император во 976 година, комитопулите успешно извеле и второ востание, по што нивната држава добила независен статус[2], а тетрархијата наскоро била заменета со монархија, на чело со Самуил[3].

За краток период, во новата балканска држава биле формирани институции на власта и силна армија, со којашто до крајот на X век бил освоен голем дел од Балканскиот Полуостров: Македонија без Солун, најголем дел од Бугарија, Србија, Дукља и Босна, дел од Далмација, Албанија со Драч и дел од Грција. Со таквата територијална распространетост на новата држава во подем, Самуил бил крунисан за цар во престолниот град Преспа, сместен на островот Ахил во Преспанското Езеро. Податоци за Самуиловото зацарување наоѓаме главно кај Јахја и во „Летописот на попот Дукљанин"[4]. Врз

[2] Сè уште постои дискусија за тоа дали било кренато само едно (во 976 година) или две востанија (во 969 и 976 година). Види: Божидар Прокић, Постанак једне словенске царевине, Глас, LXXVI, Београд, 1908, 213-224; Божидар Прокић, Јован Скилица као извор за историју мађедонске словенске државе, Глас Српске Краљевске Академије, књ. LXXXIV, Београд, 1910, 79-82; Jadran Ferluga, Le soulvment des Comitopoules, Зборник радова Византолошког института, IX, Београд, 1966,75-84; Стјепан Антољак, Вистината за востанието на комитопулите, Средновековна Македонија, I, Скопје, 1985, 604 610; А. Лероа-Молинген, Синовите на Петар Бугарски и Комитопулите, Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава, Скопје, 1971, 59-64.

[3] Давид бил убиен од патници - Власи меѓу Костур и Преспа, кај местото Убавите Дабови, додека неговиот брат Мојсеј загинал при опколувањето на Серес, а третиот брат Арон бил убиен од Самуил на местото Раметаница (Византијски извори за историју народа Југославије, III, Београд, 1966, 71-77 и 246). Смртта на Давид во почетокот на востанието во Западна Македонија, според Прокиќ, укажува на областа од која востанието почнало да се шири. Тоа, од друга страна, значи дека била ослободена прво Македонија, а дури потоа и Бугарија (Божидар. Прокић, Постанак једне словенске царевине, 273-274). Всушност, јадрото на државата било создадено од македонски склавинии. Според некои истражувачи, местото на смртта на секој од браќата можеби укажува и на областите со кои управувал секој од нив (Сп.: Н. П. Благоев, Царувалъ ли е Ааронъ, братътъ на царъ Самуила, и кога?, Македонски прегледъ, III, кн. 4, София, 1927, 25; В. Н. Златарски, Западната българска държава до провъзгласьването на Самуила за цар, I, 6-7 и 13; коментарот на Ј. Ферлуга во Византијски извори, III, 77-79, бел. 24; Стјепан Антољак, Самуиловата држава, во кн.: Средновековна Македонија, I, 359, бел. 223; Бранко Панов, Струмичката област во времето на Самуил, во кн.: Средновековна Македонија, III, 485, бел. 163).

[4] Јахја наведува дека по поразот што го доживеал Самуил од Никифор Уран, тој барал милост од Василиј II и токму кога царот се согласил да му ја даде, во затворот во Цариград умрел бугарскиот цар, по што Самуил „се прогласил тогаш себеси за цар" (В. Р. Розенъ, Императоръ Василій Болгаробойца. Извлеченія изъ лятописи Яхіи Антіохійскаго, Санктпетербургъ, 1883 /With an introduction by Marius Canard, Variorum Reprints, London, 1972/, 34). Според Дукљанин, пак, во времето на Тугемир, Самуил „наредил да го нарекуваат цар", односно: „Eo tempore surrexit in gente Bulgarinorum

основа на податоците, првенствено на оние од Јахја, може да се заклучи дека неговото прогласување за цар се случило најдоцна до 1000 или најрано во 996 година, што значи најверојатно во времето на римскиот папа Григориј V (3. V 996 - 18. II 999)[5]. Со тоа, Самуиловата држава била трансформирана во царство, а црквата била подигната во повисок ранг. Сето тоа го овозможило процесот на племенска интеграција на македонскиот народ во X век, крунисано со официјално признание на државниот интегритет и на црковната посебност, што останало во традицијата трајно поврзана со Самуиловата царска династија. Но оваа црква немала никаква врска со претходната бугарска црква, бидејќи бугарските епископи биле под јурисдикција на Цариградската патријаршија, додека македонската црква била признаена од Рим. Притоа, се добива впечаток дека по неуспешните обиди за доближување до Цариград, Самуил сосема се свртел кон Рим. Тоа секако му одело во прилог на римскиот папа, за да обезбеди свое влијание на овие простори, кои биле блиски и спротивставени на Цариград, заради што симболично, со испраќањето круна преку своите легати, и ја признал оваа држава и црквата.

Но, веќе во првите години од XI век византискиот цар Василиј II започнал со постојани навлегувања во југозападниот дел од македонската држава. Во тој период Самуил го префрлил седиштето на државата во Охрид, а во 1014 година решил да им стави крај на постојаните напади на византискиот император. Решавачката битка се одиграла на 29 јули истата година, во која Самуил доживеал пораз, а неговите војници биле заробени и ослепени[6]. По смртта на Самуил,

---

quidam Samuel, qui se imperatorem vocari jussit..." (Фердо Шишић, Летопис попа Дукљанина, Београд-Загреб, 1928, 330).

[5] Стјепан Антољак, Самуиловата држава, 435 и 437.

[6] Василиј II наредил да им бидат извадени очите на многуилјадните Самуилови војници, а на секој стоти да му биде оставено по едно око за да ги води другите кај Самуил, којшто доживеал срцев удар во моментот кога ги видел. И денеска постојат селата Слепче (Демир Хисар и Прилепско) и Водоча (Струмичко), за коишто народната традиција го врзува свирепиот чин на вадење очи на Самуиловите војници. С. Антољак смета дека Фурка (Нов Дојран) е местото каде што византискиот цар се пресметал со заробениците (Стјепан Антољак, Фурка. Местото на безмилосната пресметка со Самуиловите војници, во кн.: Средновековна Македонија, I, 695-698). За датум на Самуиловата смрт некои го сметаат 15 септември 1014 година (А.Гильфердингъ, Собрание сочинения, том первый, С.-Петербургъ, 1868, 255; Константин Иречек, История на Българите. С поправки и добавки от самия автор. Под редакцията на проф. Петър Хр. Петров, София, 1978, 228; Ferdo Šišić, Povijest Hrvata u vrijeme narodnih vladara. Pretisak izdanja iz 1925. Zagreb, 1990, 480), а други 6 октомври (Божидар Прокић, Јован Скилица, 121; Бранко Панов, Струмичката област во времето на Самуил, 168).

тронот бил наследен од неговиот син Гаврил Радомир (1014-1015), којшто веќе во следната година бил убиен од својот братучед Јован Владислав (1015-1018). Опстојувањето на македонското царство било запрено со смртта на последниот македонски цар Јован Владислав, во битката кај Драч во 1018 година, по што управниците на речиси сите македонски градови, како и царицата Марија со целото семејство, му се предале на Василиј II и од него добиле привилегии и титули. Иако сеуште постоел извесен отпор од некои македонски големци, се случило конечното ликвидирање на македонската држава, со заземањето на Охридскиот акропол, при што, според известувањата во изворите, било пронајдено и одземено богатството на македонските цареви. Триумфалното влегување на Василиј II во Константинопол во почетокот на 1019 година и фактот што со себе ги носел царицата Марија со царското семејство симболично ги претставило победените и победникот[7]. Подоцна, членовите на македонската царска династија биле распратени низ далечните источни византиски провинции[8], а македонскиот народ, останувајќи без наследници на царската лоза, бил целосно потчинет под власта на Византија.

Средновековни независни држави во Македонија, на чело со автохтони династи, се формирале и во текот на XIV век. Со распаѓањето на Душановата Империја кон средината на XIV век биле создадени повеќе мали феудални државички во Македонија. Водечка улога сепак имала државата со седиште во Прилеп, формирана од кралот Волкашин[9] (1365-1371) и од неговиот наследник, кралот Марко (1371-1395) и, истовремено, државата на неговиот брат Углеша со седиште во Серез. Појавата на династијата на Мрњавчевци на историската сцена било резултат на процесот на феудална расцепканост на некогашната српска држава во 40-тите години на XIV век[10]. Кралот

[7] Историја на македонскиот народ, I, Редактор проф. д-р Бранко Панов, Скопје, 2000, 398-402.

[8] За судбината на Самуиловиот внук Пресијан види: Вангелија Десподова, Гробот на Пресијан, внукот на цар Самоил, се наоѓа во Михаловце, Словечка?, Slavica Slovaca, 29, No. 1, Bratislava, 1994, 16-23.

[9] Во еден поменик на светогорскиот Протат од крајот на XIV век се споменуваат 'Δημητρίου κράλη καὶ Ἰω(άννου) δεσπότου'. Кралот Димитрија и деспотот Јован се идентификуваат со кралот Волкашин и неговиот брат деспотот Јован Углеша. Ваквата традиција за двојно именување била особено карактеристична за јужните предели на српската држава во XIV век (Иван Ђурић, Поменик светогорског Протата с краја XIV века, Зборник радова Византолошког Института, XX, Београд, 1981, 154 и 165; сп.: Коста Аџиевски, Пелагонија во средниот век (од доаѓањето на Словените до паѓањето под турска власт), Скопје, 1994, 209).

[10] Евгени П. Наумов, Феудалниот сепаратизам и политиката на Душан во 1342-1355 година, Историја, IV, 2, Скопје, 1968, 63-66.

Волкашин во 1350 година веќе бил жупан во Прилепскиот крај. По смртта на Душан (1355) настанала династичка борба помеѓу неговиот син Урош и неговиот полубрат Симеон, а српската држава била поделена на региони, управувани од аристократи. Најсилната држава на македонска почва била државата на кралот Волкашин и на неговиот брат Углеша. Во 1365 година Волкашин бил прогласен за крал и станал совладетел на царот Урош. Независната власт на кралот Волкашин се протегала во западниот дел на Македонија (Прилеп, Битола, Преспа, Охрид, Призрен, Ново Брдо итн.), а неговиот брат, деспотот Углеша, ја управувал областа со седиште во Серес. Кралот Волкашин бил во пријателски односи со Дубровник, но истовремено бил во непријателство со српските големци од некогашното српско царство[11]. Крунисувањето на способен аристократ како Волкашин го забрзало распаѓањето на централната власт во Српското Царство. Во врска со нивните позиции во државата[12], интересно е објаснувањето што го дава К. Мисирков, според кого, македонските болјари зазеле високи функции уште во времето на царот Душан, поради поддршката што му ја давале при преземањето на престолот од татко му Стефан Урош III, којшто, пак, се потпирал на поддршката од српските болјари[13].

По заземањето на Галиполе (1354), Турците започнале со постепено освојување на Балканскиот Полуостров. Во таа ситуација браќата Волкашин и Углеша Мрњавчеви биле единствените кои воено им се спротивставиле. Решавачката битка се случила на реката Марица, кај тракиската крепост Черномен, на 26 септември 1371 година, во која Мрњавчеви доживеале пораз и самите загинале. За начинот на нивната смрт и за нивните гробови, како и за постоењето и смртта на третиот брат Гојко[14], сеуште не е даден конечниот збор

[11] Константин Јиречек, Историја Срба, прва књига до 1537 године, Београд, 1952, 247; Раде Михаљчић, Цар и краљ: неуспешно савладарство, во кн.: Историја српског народа, I, Београд, 1981, 547-548.

[12] Марво Орбини ги става во редот на советниците што секогаш стоеле до царот: „Волкашин челник и неговиот брат Углеша", односно дека Волкашин бил „негов пехарник", а Углеша „главен коњушар" (Мавро Орбин, Краљевство Словена, Београд, 1968, 42).

[13] Крсте Мисирков, Противојадие, во кн.: Крсте П. Мисирков, Одбрани страници. Приредил Блаже Ристовски, Скопје, 1991, 409. Блискоста на Мрњавчевата фамилија до српскиот цар Мавро Орбини ја искажува со соопштението дека царот ги зел Волкашиновиот татко Мрњава со жената и децата на својот двор (Мавро Орбин, Краљевство Словена, 50).

[14] Некои истражувачи последниов не го сметаат за историска личност. Сепак, не треба и категорично да се отфрли можноста за постоењето на Гојко (Евгениј П. Наумов, Јужнословенскиот епос и проблемите на српското средновековие, Историја,

во науката. По смртта на Волкашин, на кралскиот престол застанал кралот Марко (1371-1395) со своите тројца браќа: Иваниш, Андријаш и Митраш. Со тоа било продолжено постоењето на Кралството, иако некои делови биле заземани од Лазар, Никола Алтомановиќ, Балшите и од Турците.

Едно од поважните прашања е дали кралот Марко владеел како вазал. Според историските документи, тој не станал вазал веднаш по Маричката битка, туку управувал независно со својата држава. Така, неговата држава била одделена од турската со државата на деспотот Маноил и со државата на браќата Драгашевци, а постојат известувања и за опсади на Прилеп и на Битола во 1385 година, што би значело дека тие градови сеуште не биле под турска власт[15]. Напротив, кралот Марко управувал значајна територија и водел активна надворешна политика. Тој бил запаметен од народот како последниот христијански владетел пред османлиското завладување, бидејќи успеал да ја задржи внатрешната самоуправа на државата. Кралот Марко истовремено владеел во Македонија независно од српските големци и станал турски вазал или сојузник дури околу 1385 година. З. Јончева како поразени во Маричката битка ги гледа само браќата Волкашин и Углеша и никој друг, а и кралот Марко не се чувствувал како победен[16]. Треба да се истакне и фактот дека власта на кралот Марко, во времето на феудална расцепканост и интензивни османлиски продирања на Балканот, не

IX, 2, Скопје, 1973, 120). Во двете грамоти на царот Душан, издадени во 1355 година, како една од највлијателните личности се јавува царскиот логотет или „великиот логотет", канцеларот Гојко (Ibid, 121). Во Житието на царот Урош од Пајсије Јањевац се вели: „А тој (Волкашин) ја раздели власта како што рековме и напред: кесарот Углеша (го постави) во Серес, а во Трново Гојко, а самиот (остана) во српската земја" (Пајсије Јањевац, Житије цара Уроша. Старе српске биографије. Избор и предговор Димитрије Богдановић, Београд, 1968, 258). Иако не се кажува на која фамилија ѝ припаѓал овој Гојко, познато е дека укажувањето на родството и на највидните феудалци било многу ретко сè до 60-тите и 70-тите години на XIV век, па и тогаш не на сите владејачки семејства. Е. Наумов смета дека „нема основа да се негира постоењето на историски реален прототип на епскиот Гојко (т.е. логотетот на Душан - Гојко) ": Евгениј П. Наумов, Јужнословенскиот епос, 121.

[15] Цветан Грозданов, Маричката битка и вазалитетот на Крал Марко (Марко Крале) и живописот на Марковиот манастир, во Зб. Предавања на XXIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 2-21 VIII 1991, Скопје, 1993, 118-119; Коста Аџиевски, Пелагонија во средниот век, 245.

[16] Зорница Јончева, Победители и победени в битката при Черномен, Кралот Марко во историјата и во традицијата. Прилози од научниот собир одржан по повод 600-годишнината од смртта на кралот Марко. Прилеп, 23-25 јуни 1995 година, Прилеп, 1997, 110.

била толку загрозувана од Османлиите колку од неговите соседи[17]. Сепак, и ако допуштиме некакво сојузништво помеѓу кралот Марко и Турците, факт е дека тој бил издигнат на ниво на легендарен национален херој, како духовна потреба на народот. Во право е М. Туфан кога го истакнува фактот дека важна улога одиграло тоа што Марко успеал најдолго да ја зачува внатрешната автономија, како и фактот дека тој го постигнал тоа благодарение на својата тактичност, државничка мудрост и подготвеност за склучување сојузи дури и по цена на саможртва со цел подолго да опстане и да ја зачува внатрешната автономија[18]. Но, по смртта на кралот Марко и Константин Дејанов во битката кај Ровине (1395), во којашто тие учествувале на страната на Турците, целата територија на Македонија, со исклучок на Солун, потпаднала под директна османска власт[19]. Што се однесува до местото на Марковиот гроб, не постојат сигурни докази, иако некои сметаат дека Марковиот манастир кај Скопје е местото каде што е закопан[20].

Средновековните држави, на чело со Самуиловата и со Мрњавчевата династија, биле автохтони, со престолнини во Македонија. Уште при формирањето на Самуиловата држава, центрите и на двете востанија (969 и 976) биле во Македонија на територијата на претходната склавинија Берзитија. Подоцна за престолнина бил определен град повторно во Македонија и тоа во нејзиниот југозападен дел, како што бил и центарот на државата на Мрњавчевата династија. Освен тоа, треба да се земат предвид и статусот и улогата на Охридската архиепископија, која им давала поддршка и духовен легитимитет и била наполно независна во односите со другите балкански православни цркви.

Што се однесува до почитта кон светците и нивните претстави во црквите, како израз на духовната димензија на живеењето на народот, треба да се истакне дека во нив се јавуваат главно ликови на автохтони свети личности. Имено, уште во времето на првата средновековна држава во Македонија, Самуил, чувствувајќи потреба

---

[17] Христо Матанов, Югозападните земи през XIV век, София, 1986, 111.

[18] Музафер Туфан, Кралот Марко во некои турски извори. Кралот Марко во историјата и во традицијата, 70.

[19] Блаже Ристовски, Кон проучувањето на Кралот Марко во историјата и во традицијата, Кралот Марко во историјата и во традицијата, 18-19.

[20] Според пишувањето на П. Срећковиќ, и Волкашиновиот и Марковиот гроб се наоѓале во Марковиот манастир, каде што постоела камена плоча со двоглав орел и запис (П. Срећковић, Путничке слике. Слика 2. Фамилијарна гробница Мрњавчевића, Гласник, СУД, Београд, 1878, 223-224).

да ѝ даде и понагласена духовна поткрепа на својата световна власт, многу рано го вовел култот на св. Ахил во својата држава. По заземањето на Лариса (985 или 986), тој ги пренел неговите мошти во престолнината Преспа, каде што изградил и величествен храм во негова чест[21]. Во текот на неговото владеење веќе е забележливо и ширењето на култот кон светите браќа Кирил и Методија и на св. Климент[22]. М. Бошковски смета дека „може сосема основано да се тврди, дека во времето на папата Григориј V (9. 05. 996 - 18. 2. 999) или Силвестер II (999-1003), св. Климент, кој бил веќе канонизиран истовремено бил прифатен како патрон на Охридската архиепископија, со што Самоил ја добил црковната поддршка од Рим"[23]. Но, со примањето на царската круна, тој добил истовремено и политичка поддршка.

И владетелите од династијата Мрњавчеви, во чиешто време била особено жива градителската дејност[24], во своите цркви живописале ликови на македонски светци, како што се светите браќа Кирил и Методија[25], св. Климент Охридски[26], и други. Во текот на XIV век, во живописот на некои помали охридски цркви се јавува и ликот на св Ахил, што, според Ц. Грозданов, „може да се објасни со посветата на големата катедрална црква на Мала Преспа и со верувањето дека царот Самуил ги пренел моштите на ларискиот епископ во својот престолничен храм"[27]. Но ликот на овој светец се јавува и во црквите во другите делови на Македонија, дури и поставен заедно со св. Климент, што, според Цв. Грозданов, „ја потврдува желбата на домашните ктитори за истакнување на личностите што

[21] Цветан Грозданов, Портрети на светителите од Македонија, 145-147; Коста Балабанов, Македонски фрески, 32.

[22] Треба да се спомене Асемановото евангелие од времето на Самуил, во кое се наведени имињата на Кирил, Методија и Климент како охридски светители, како и спомнувањата на Еразмо Охридски и на Тивериополските маченици. За ликовите на Св. Кирил и Св. Климент, живописани во црквата Св. Софија во Охрид: Цветан Грозданов, Портрети на светителите од Македонија, 24-27; Коста Балабанов, Македонски фрески, 29-31.

[23] Милан Бошковски, Улогата на Св. Климент во зацврстувањето на апостолицитетот на Охридската архиепископија во времето на цар Самоил, Македонско наследство, VI, 17, Скопје, 2001, 47. Црквата во времето на Самуил е различно третирана: Самуилова патријаршија (Цветан Грозданов, Портрети на светителите од Македонија од IX-XVIII век, Скопје, 1983, 41); Преспанско-охридска петријаршија (Коста Балабанов, Македонски фрески, Скопје, 1995, 28).

[24] Коста Балабанов, Македонски фрески, 55-62.

[25] Цветан Грозданов, Портрети на светителите од Македонија, 30-33.

[26] Ibid, 90.

[27] Цветан Грозданов, Охридско сидно сликарство од XIV век, Охрид, 1980, 173.

произлегувале од македонската црковна традиција"[28]. Притоа, меѓутоа, заслужува да се обрне внимание на ликовите на српските светци св. Симеон, св. Сава и други, редовно живописани во српските цркви, чиешто присуство било возможно и во некои цркви во Македонија кои биле изградени или обновени во периодот на Немањиќевците, надвор од диецезата на српската црква, бидејќи тоа зависело од желбата на ктиторот и од намената на црквата. Но во ансамблите во Кучевиште, Љуботен и во Марковиот манастир во Скопската епархија, којашто спаѓала под српска црковна јурисдикција, отсуствуваат светителите од Немањиќевскиот круг, па и подоцна кралот Марко ги запоставува[29]. Тоа укажува на континуитетот во почитувањето и празнувањето на светците во Македонија во текот на средновековјето, што се рефлектирало и врз традициите на средновековните династии. Тоа истовремено значи и дека тие средновековни династии се автохтони и духовната поткрепа на својата власт ја барале и ја наоѓале во своите народни светители.

Значајно е да се спомене и одразот на средновековните династии во традицијата на македонскиот народ. По ликвидацијата на Самуиловата држава, Македонците продолжиле да ги паметат своите „славни времиња" од периодот на Самуиловата династија. Така, на пр., во времето на двете востанија во XI век, чијашто главна цел била ослободувањето и обновувањето на царството во Македонија, водачите биле прогласувани за цареви токму поради нивната „царска крв". Водачот на востанието од 1040-1041 година, Петар Делјан, бил син на Гаврил Радомир од неговата прва жена, ќерка на унгарскиот крал, којашто ја истерал бремена за да се ожени со Ирина, робинка од Лариса[30]. За тоа најдобро зборува Михаил Псел: „Кога така го освоил нивниот дух и кога за преземање на врховната власт му недостигало

[28] Цветан Грозданов, Портрети на светителите од Македонија, 156.

[29] Цветан Грозданов, Охридско сидно сликарство од XIV век, 174.

[30] За Петар Делјан како син на Гаврил Радомир известува Михаил Деволски во додатокот на Скилицовата хроника (Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје, 1981, 102-103). Јован Зонара вели: „Еден од непознато потекло маж, што се викал Долијан, преполнет со итроштини и лукавство, се кажувал за син на Арона, кој бил брат на Самуила, управник на народот, откако избегал, како што кажуваат, од Византион и го убедил народот дека му е син на Арона, роден од неговата наложница, а не од законската жена, бил одбран за цар на Варварите" (Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ. Составил Љубен Лапе, Скопје, 1959, 75). Јован Скилица за неговото царско потекло вели: дека тој разгласил дека е син на Роман, Самуиловиот син (Византијски извори, III, 143). Сп.: Бранко Панов, Востанијата на македонскиот народ во XI век, во кн.: Средновековна Македонија, III, 53; Коста Ациевски. Пелагонија во средниот век, 68.

само уште угледно потекло - кај Бугарите е, имено, обичај водењето на народот да го предадат на луѓе од царски род - и бидејќи тој знаел дека тоа одговара на обичаите и на законот, тој себеси се довел во врска со починатиот Самуил и со неговиот брат Арон, со оние што пред тоа управувале и царувале со целиот народ, не припишувајќи си себеси законско потекло од царска лоза, туку или измислувајќи или докажувајќи дека е некаков спореден потомок на нивната крв"[31].

Во текот, пак, на востанието од 1072/73 година, на чело со Ѓорѓи Војтех, за цар бил прогласен повторно човек со „царска крв". Тоа бил Константин Бодин, синот на зетскиот владетел Михаил (1050-1081), којшто имал крвни врски со македонската династија преку Самуиловата ќерка Косара, којашто била мажена за Јован Владимир. Имено, Михаил им испратил на востаниците триста свои луѓе, на чело со син му Константин. За тоа, Продолжувачот на Скилица пишува: „Кога отиде во Призидјана, таму беа собрани скопските првенци на кои водач им беше Георги Војтех, кој водеше потекло од Комханите. Го прогласија за цар на Бугарите и му го изменија името од Константин во Петар"[32]. Самото прогласување за цар на човек што имал крвни врски со царската династија, како и промената на неговото име во Петар, според името на царот прогласен од народот во текот на востанието 30 години порано, зборува за сè уште живите традиции на Самуиловата династија.

Особено забележливи траги во нашата традиција и култура оставила средновековната династија на Мрњавчевците, чиишто ликови се распространиле од Македонија и во другите балкански земји. К. Мисирков, пишувајќи за потеклото, карактерот, развитокот и раширувањето на епот за нив меѓу Јужните Словени, вели дека процесот на распространувањето се случувал во XIV и во XV век, кога разните странски трговци ги пренесувале песните и приказните од Македонија во своите земји, при што тие биле видоизменети[33]. Анализирајќи ги словенските легенди за кралевите Волкашин и Марко, пишува Мисирков, можеме да ги видиме и причините за нивната популарност, како и да најдеме објаснување за српската омраза кон Волкашина. Јужнословенските легенди би требало да бидат анализирани паралелно за да се истакнат разликите меѓу нив, кои се јавуваат веројатно како резултат на различното доживување

[31] Византијски извори, III, 221.
[32] Документи, I, 107.
[33] Според Блаже Ристовски, Крсте Мисирков. Нови истражувања и сознанија, Скопје, 2000, 292.

на настаните од втората половина на XIV век меѓу јужните Словени. На тој начин, смета Мисирков, причините за борбите на Волкашин и Марко со северните српски големци од некогашната Душанова Империја и нејзиното распаѓање би можеле да се објаснат со етнокултурните разлики помеѓу српскиот север и маке-донскиот југ. Од истиот аспект тој ги гледа и причините за популарноста на кралот Марко кај јужните Словени, па ги наоѓа и во политичката улога на кралот Волкашин, како и во активноста на кралот Марко како заштитник од Турците[34]. Кралот Марко е една од најзначајните историски личности во македонската историја, но и во народната традиција, прикажан како херој со натприродна моќ, кој прави херојски дела. Тој се здобил со доминантна улога во нашиот фолклор[35] и дури ги потиснал другите ликови на борци за ослободување од турското ропство. Всушност, Марко прераснал во симбол на народниот отпор против турската власт во текот на повеќе од пет века и, останувајќи во свеста на македонскиот народ, помогнал во формирањето на македонската национална свест и опстанал во фолклорот сè до денеска[36].

Податоците за членовите на оваа династија и за нивните судбини го разбудиле вниманието на истражувачите. Кралот Волкашин, којшто ја основал новата македонска династија на Мрњавчевците, не бил член на српската Немањиќевска династија и поради тоа српските аристократи започнале да го чувствуваат како натрапник, иако тој ја

---

[34] Ibid, 293, 296.

[35] Види: Танас Вражиновски, Човечкиот лик на Марко Крале, Кралот Марко во историјата и во традицијата, 185-193; Анета Светиева, Кралот Марко од аспект на народната религија на Македонците, во истиот зборник, 219-223; Р е ч н и к на народната митологија на Македонците, Редактор Танас Вражиновски. Составувачи Танас Вражиновски, Соња Зоговиќ, Владимир Карацоски, Соња Јовановска, Билјана Ристовска-Јосифовска, Скопје, 2000, 270-271.

[36] Блаже Ристовски, Марко Крале во македонската обредна народна песна (со осврт и врз битово-семејни, трудови и комични песни за Марко), Македонскиот фолклор и националната свест. Истражувања и записи, Скопје, 1987, 79-125. Освен народната претстава за македонските владетели, за нивниот надворешен изглед и за владетелските облеки зборуваат историските пишани и материјални извори. Така, Јован Скилица известува дека при освојувањето на Охридскиот акропол, Василиј II во царската ризница пронашол „големо богатство и круни со бисери и со злато исткаени облеки и 100 кентенарии ковано злато" (Византијски извори, III, 128-129). Ликовите на Мрњавчевци и нивните облеки јасно се прикажани на фрескоживописот во повеќе цркви од тој период. Она што ги прави кралевите Волкашин и Марко посебни од другите балкански владетели во тоа време, според Ѓ. Здравев, се кралските облеки и инсигнии, кои се речиси идентични со царските. За тоа повеќе види: Ѓорѓи Здравев, Облеките на кралот Волкашин и на кралот Марко во фрескоживописот од XIV век, Кралот Марко во историјата и во традицијата, 319-330.

добил кралската круна на сосема легален и легитимен начин. Антагонизмот помеѓу македонската и српската династија особено нараснал по воениот судир на Косово во 1369 година, а посебно се зголемил по прогласувањето на Волкашиновиот син Марко за *млад крал*, со што им била обезбедена наследната кралска круна и нему и на неговата династија. Тоа, веројатно, ги разгневило српските големци, бидејќи на тој начин била загрозена, со време и истисната, „светородната" Немањиќевска династија[37]. Од ова произлегле и традиционалните српски верувања за Волкашин како убиец на царот Урош и узурпатор на српската круна.

Нетрпеливоста кон новата династија се изразила уште по жестокиот судир во битката на Косово во 1369 година, во којашто зеле учество Никола Алтомановиќ, Лазар Хребељановиќ и царот Урош на едната страна против браќата Мрњавчеви на другата страна. Всушност, оваа битка може да се смета како судир помеѓу новата династија на Мрњавчевците и династијата на Немањиќевците, односно, со денешен речник, судир помеѓу македонската династија и српските аристократи. На истите причини веројатно се должи и отсуството на српските државички во Маричката битка (1371), како и отсуството на кралот Марко подоцна во Косовската битка во 1389 година[38].

Самостојниот статус на Мрњавчевата династија предизвикал отпор и негирање кај српските големци, што влегло и во српската усна и писмена традиција. Српските родослови и летописи го бележат напредувањето на Мрњавчевци (Волкашин и Углеша) кон врвот на државната хиерархија, но притоа го претставуваат царот Урош како маченик: и многа ѡзлобленїа и мѣсти и томленїа прѣтрьпѣ, глаголю же ѿ влькашина и оуглѣше[39]; или сь бо урошь многаа зlaa подеть ѿ рабь своихъ влькашина, глаголю, и оуглѣше[40], од што произлегуваат и квалификациите како безаконн влькашинь и оуглѣша[41] и сл. Замирањето на српската династија е запишано и во српските родослови: царь степань

[37] Раде Михаљчић, Крај српског царства, Београд, 1975, 96-97. Во Житието на царот Урош, Пајсије Јањевац соопштува: „Едни беа помагачи на царот Урош, а така е и праведно, а други на Волкашин неправедно, така што имаше голем метеж и разногласија и неправди. Покрај неправедниот суд имаше и голема жал, бидејќи со насилство го грабна неговиот престол, по толку заклетви и завештанија повторно се покажа како престапник" (Пајсије Јањевац, Житије цара Уроша, 255-256).

[38] Блаже Ристовски, Кон проучувањето на Кралот Марко во историјата и во традицијата, 15.

[39] Љ. Стојановић, Стари српски родослови и летописи, Ср. Карловци, 1927, 84.

[40] Ibid, 85.

[41] Ibid, 199.

роды оуроша; оста лоза бесплодна[42] или, пак, нъ понеже послѣдованїе племѣне срьбскаго кон'ць прїеть до послѣдняго оуроша, и к томѹ не въста кнезь въ нѭ[43].

Историските настани, поврзани со македонските средновековни династии, наоѓаат место во традицијата и преку нивното појавување во топонимите и антропонимите во Македонија. Така, постојат топоними за коишто некои истражувачи сметаат дека во основата го содржат името Самуил [44]. Кај Македонците често се среќаваат и лични имиња изведени од личното име *Самоил/Самуил* [45]. Не помалку се застапени и топонимите и антропонимите што ги содржат во себе името и титулата на кралот Марко, коишто народот обилно ги користел во сите форми за именување на места и луѓе на целата територија на Македонија[46]. Така, во народните преданија и песни, во кои најчест јунак е Крале Марко, се спомнуваат и повеќе имиња на неговите легендарни сестри, со кои се поврзуваат и некои топоними[47].

Како посебен научен интерес се јавува етничкото име на средновековните држави во Македонија, за што постојат извесни несогласувања меѓу балканските историчари. Во ситуација кога на историската сцена не постоела ниту македонска држава, ниту наука во периодот на создавањето на балканските држави и историски науки во текот на XIX век, се утврдиле главно две словенски научни гледишта за етничкиот карактер на средновековните држави и династии во Македонија, базирани главно на српската и на бугарската историографија. Според нив, не постоел посебен македонски народ,

---

[42] Ibid, 40.

[43] Ibid, 41.

[44] *Самоиљоно* од Самоил (Влоѓимјеж Пјанка, Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен, Скопје, 1970, 213).

[45] *Само, Самоил, Самоилчо, Самој, Самојле, Самојло, Самуило,* (Љубица Станковска, Речник на личните имиња кај Македонците, Скопје, 1992, 245). Во Охридскиот крај, на пример, се среќаваат имињата: *Саме, Самоил* или *Самуил*, (Лилјана Гушевска, Личните имиња во Охридско /магистерски труд во ракопис/, Скопје, 2001, 209 и 232). Познати се и презимиња изведени од личното име Самоил: *Самоилов, Самоиловски, Самојлиќ, Самојловски, Самојлоски* (Речник на презимињата кај Македонците, II, Скопје, 2001, 388).

[46] За некои топоними изведени од името и титулата на Крале Марко: Влоѓимјеж Пјанка, Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен, 203, 211-212, 294; Љубица Станковска, Топонимите со суфиксот -ица во Македонија, Скопје, 222 и 265.

[47] Танас Вражиновски, Македонски народни преданија, Скопје, 1986, 40; Блаже Ристовски, Кон проучувањето на Кралот Марко во историјата и во традицијата, 16; Олга Иванова, Сестрите на Марко Крале, Студии од топонимијата и антропонимијата, Скопје, 1999, 84-89.

па оттука, поткрепени од некритички прочитаните историски извори за народносниот карактер на овие држави, династии и династи, тие произвеле свои теории, коишто подоцна стануваат и државни стратегии за наметнување на туѓ национален идентитет врз македонскиот народ. Токму етнонимите најчесто претставуваат основа и за недоразбирањето околу националното минато и култура на Македонците.

Така, Самуиловото Царство и династијата главно се сметани за дел од бугарската државничка и династичка традиција[48]. Разгледувајќи го карактерот на оваа држава, не можеме да не се обидеме да го маркираме и етничкото потекло на нејзините жители и владетели, како и употребата на етнонимите во изворите. За жал, најголемиот дел од современите и некои подоцнешни извори не прават разграничување помеѓу македонскиот народ и етничките Бугари, коишто живееле во рамките на Самуиловото Царство. Тоа, секако, се должи на веќе установената практика во изворите за именување на жителите како Бугари, како резултат на бугарската државна традиција. Имено, Бугарското Царство била единствената држава на Балканот што Византија официјално ја признала во 927 година и притоа сите нејзини жители започнала да ги третира како Бугари, без оглед на нивното етничко потекло. Затоа и именувањето на Македонците, Србите и на другите поданици на бугарската држава со името Бугари продолжило и по нејзиното ликвидирање во 971 година[49]. Во Самуиловата држава, покрај Македонците, коишто биле државотворен и господаречки народ, Бугарите доаѓале дури на трето место според застапеноста, па сепак изворите и Македонците ги именуваат со бугарското државно име[50]. Основите на оваа држава

[48] Златарски смета дека првото востание претставувало одвојување на западниот дел од бугарската држава од источниот, којшто бил под византиска власт (В. Н. Златарски, Западната българска държава до провъзгласяването на Самуила за цар, I. Македонски преглед, II, кн. 1, София, 1926, 7-8). Според Василевски, „Самоиловото царство настанало во 976-979 година како продолжение на бугарскиот комитат (провинција) којшто ја опфаќал западна Македонија и кој може да биде идентичен со старата Кутмичевица или некогаш бил нејзин дел" (Тадеуш Василевски, Генеза на Самоиловото царство. Неколку забелешки во врска со откритието на Оикономидес на новиот тактикон од X век, Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самуиловата држава, 249-250).

[49] За Македонците, именувани со поданичкото име Бугари, види: Византијски извори, III, 59-60 бел. 9; Стјепан Антолјак, Самуиловата држава, I, 306-308. бел. 43; Бранко Панов, За етногенезата на македонскиот народ, во кн.: Македонија низ историјата, Скопје, 1999, 25-26.

[50] Божидар Прокић, Постанак једне словенске царевине, 297-298.

биле во јадрото на поранешните македонски склавинии и немале ништо заедничко со Првото бугарско царство[51].

Сепак, постојат и извори што успеале, во тој период, да ги означат Македонците како посебни од другите. Еден од нив е Пролошкото житие на св. Наум, во чијшто наслов е употребена формата Βουλγαρέων (Бугарјани)[52]. Според Х. Меловски, оваа форма е направена „по угледот на етниконите во грчкиот јазик и очигледно ги означува жителите на Македонија - Бугарјани, односно укажува на различната етничка припадност"[53]. Тоа значи дека авторот на житието веројатно почувствувал разлика помеѓу Словените во Македонија и оние во Бугарија, што, од своја страна, укажува и на можноста дека попот Дукљанин подоцна ја искористил оваа форма во својот Летопис[54]. Имено, Дукљанин зборува за „народот на Булгарините", за „Самуил императорот на Булгарините"[55] и сл., правејќи етничка разлика помеѓу Бугари и Бугарини[56]. Конечно, без

---

[51] Бранко Панов, Самуиловото царство, во кн.: Средновековна Македонија, III, 45-46; Георгије Острогорски, Историја на Византија, Скопје, 1992, 361-363; Милан Бошковски, Македонија во XI и XII век (надворешни упади на територијата на Македонија), Скопје, 1997, 23-27, бел. 11.

[52] Христо Меловски, Москополски зборник. Пролошки житија на светците, Скопје, 1996, 79 и 84.

[53] Ibid, 93.

[54] Билјана Ристовска - Јосифовска, „Кралството на Словените" од Мавро Орбини како извор за македонската средновековна историја, Прилеп-Скопје, 2001, 40.

[55] „Gentem Bulgarinorum", „Samuel Bulgarinorum imperator", „Imperator Bulgarinorum" (Фердо Шишић, Летопис попа Дукљанина, 300, 330, 331, 342).

[56] Како што објаснува Љ. Басотова, етнонимот *Булгарини* влегува во онаа „категорија придавки со наставката -инус, мошне бројна и за нас интересна, образувани од именки кои означуваат имиња на градови, а самите придавки, повторно се субстантивираат, главно стануваат плуралиа тантум, за да ги означат сега жителите на тие градови и области" (Љубинка Басотова, „Летописот" на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја, во кн.: Споменици за средновековната историја на Македонија, V, Прилеп, 1988, 182). Меѓутоа, подоцна Мавро Орбини, којшто го користи и го преведува на италијански јазик Летописот во своето дело „Кралството на Словените", веројатно не го разбирал значењето на етнонимот *Булгарини* што го употребува Дукљанин, па ги изедначува Бугарите со поданиците на бугарската држава, и Македонците, па и државата, ја нарекува „Бугарско Кралство". Притоа пишува: „la morte di Vladislauo, Imperadore Bulgaro" (Mauro Orbini, Il Regno degli Slavi, 1601. Nachdruck besorgt von Sima Ćirković und Peter Rehder, Mit einem Vorword von Sima Ćirković, München, 1985 (фототипно издание), 226) , иако Дукљанин за него вели: „post mortem Vladislavi imperatoris Bulgariae" (Фердо Шишић, Летопис попа Дукљанина, 334). Од друга страна, известувањето на Дукљанин за „Imperator Bulgarinorum mortuus est et reges huius terrae mortui sunt" (Ibid, 242) го заменува со „Samuelo, & Vuladislauo, che furono Re di queste Prouincie, sono Morti" (Mauro Orbini, Il Regno degli Slavi, 225), а „Bodinus Bulgarinorum imperator" (Фердо Шишић, Летопис попа Дукљанина, 358) го преведува само како „Бодин" (Mauro Orbini, Il Regno degli Slavi, 232).

разлика на името со кое биле именувани во изворите членовите на оваа династија, како и нивното царство и жителите, останува фактот дека и државата и црквата биле формирани во Македонија од македонските Словени[57].

И додека македонската држава и династија од X век главно е третирана како бугарска, на владетелите од Кралството на Мрњавчевците од втората половина на XIV век обично им се припишува српско народносно обележје. Во согласност со тоа, тие обично се нарекувани Вукашин, Мрњавчевиќ, а кралот Марко - Краљевиќ. Иако таквото именување нема потврда во современите извори, врз основа на српските летописи и родослови, во текот на времето се налага по логиката на српската народна традиција и во духот на српскиот јазик, а без соодветна научна критика, па влегуваат во редовна употреба и во историографските трудови кај нас во Македонија. Разгледувањето на овие форми добива посебно значење при евентуалната историска анализа на потеклото на оваа династија, којашто навистина се откинала од пазувите на српската империја, но тешко може да се тврди дека нејзините припадници имале српско етничко потекло, бидејќи во тоа време населението сè уште и не било, ниту можело да биде народносно диференцирано, независно од употребата на формата на нивното презиме што се наметнала и опстанала низ традицијата подоцна[58]. Според Р. Мароевиќ, називот на династијата Мрњавчевиќ (исто како и на Немањиќ и сл.) при употребата во историските трудови нема лингвистичка потврда, туку тој се јавил како резултат на подоцнежната историска интерпретација, од времето кога формите на *-иќ* станале презимиња[59]. Всушност, притоа треба да се има предвид развитокот на презимето на балканските простори воопшто, коешто се јавува многу доцна, а еден од начините за идентификација и конкретизација на личноста бил да се именува некој како нечиј син[60]. Имајќи го предвид сето тоа,

[57] Според Прокиќ, тие потекнувале од племето Брсјаци (Божидар Прокић, Постанак једне словенске царевине, 237). За нивното потекло постојат различни мислења (Стјепан Антполјак, Потеклото на Самуил и на неговите браќа, во кн.: Средновековна Македонија, I, 315-327).

[58] Мавро Орбини прв го споменува во изворите името на нивниот татко (*Margnaша*), од што подоцна бил изведен називот *Мрњавчевиќ* (Mauro Orbini, Il Regno de gli Slavi, 274).

[59] Радмило Маројевић, Словенски антропоними, Ономатолошки прилози, књ. V, Београд, 1984, 186.

[60] За развитокот на презимето во Македонија види: Александар Матковски, За историското потекло на македонските имиња и презимиња, Историја, X, 1, Скопје, 1974, 188-189; Трајко Стаматоски, Презимето во системот на именувањето кај

како и современите податоци и причините за видоизменувањата во српската традиција и книжевност, именувањето на браќата Волкашин и Углеша во историографските трудови веројатно би требало да е *Мрњавчеви*, односно Волкашин и Углеша како синови на Мрњава - Мрњавчеви или Мрњавови синови, со фамилијарно име *Мрњавчевци*[61]. Показател за различноста на Мрњавчевата династија од српската е и фактот што кралот Волкашин и потоа кралот Марко никогаш не го користеле титуларното име *Стефан*[62], како што практикувале владетелите од Немањиќевската династија.

Конечно, иако не е реално да се бараат национални држави и национална свест во средновековието воопшто, сепак може да се издвои македонскиот народ како посебен од другите балкански народи, а династиите во тој период како автохтони и народни. Македонскиот народ во својата многувековна историја, освен што познава многубројни освојувачи, живеел и во самостојни држави што егзистирале на почвата на Македонија. Традицијата на автохтони династии во Македонија се протега уште од античката македонска држава на чело со нејзините кралеви, но во текот на средниот век особено се изразува и длабоко се вкоренува во традицијата постоењето на средновековната држава на чело со царската династија на Самуил, а подоцна и разните феудални државни формации од времето на распаѓањето на Душановата Империја, од кои како најзначајно се издвојува Кралството на династијата на Мрњавчевците. Оттука, во обид да ставиме некакви историски рамки на династичката традиција со автохтон карактер во Македонија во средниот век, секако го имаме предвид периодот од X до XIV век, а Самуиловата и Мрњавчевата династија како нејзини носители.

Македонците, во кн: Македонска ономастика, Скопје, 1990, 163-178; Марија Коробар - Белчева, Развојот и функцијата на презимето како наследен член на именската формула, Литературен збор, XL, 1-6, Скопје, 1993, 15-20.

[61] Именувањето на Мрњавчевци кај Ѓорѓија Пулевски е многу карактеристично: нивниот татко е *Мрњак,* синовите се *Мрњови,* па оттаму и нивното родословие е *мрњовско*; Волкашин е *В'лкан*, а тие сите се *Мрњовци* или *Мрњавчевци* (Билјана Ристовска - Јосифовска, Кралевите Волкашин и Марко во „Славјанскомаќедонската општа историја" на Ѓорѓија Пулевски, Кралот Марко во историјата и во традицијата, 120).

[62] Според И. Ѓурић, некористењето на титулата *Стефан* значи дека кралот Волкашин не бил узурпатор на српскиот престол (Иван Ђурић, Поменик светогорског Протата с краја XIV века, 157).

Biljana RISTOVSKA- JOSIFOVSKA

AUTOCHTHONAL MEDIEVAL DYNASTIES IN MACEDONIA (10th-14th CENTURY)

Summary

Analysing the autochthonal medieval tradition in Macedonia, we should certainly take into consideration the period from10th to14th century. The centre of the state and the church, as well as the material remains of the culture of the medieval dynasties, point out autochthonal, which has been reflected in the traditon and people's respect for the family relations. In order to present the autochthonal dynasties, we put the historical events in chronological order. concerning their foundation, existence and disappearance.

The dynasty tradition in Macedonia, in the period from the Slavic settlements till the arrival of the Turks on the Balkan Peninsula, was based above the establishment of the medieval dynasty, founded by Samuel and his brothers (in the 10th century) as well as the feudal state of the dynasty of Mrnjavchevi, founded by King Volkashin (in the 14th century).